REPUBLIKA E MAQEDONISË
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 15-1108/45
21.04 2021 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 55 став 1 и од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), член 50 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 53/2016 година) член 3 став 3 од Правилникот за остварување на правото за еднократна награда за објавување на научен труд и за надомест на средства за објавување на трудови („Службен весник на Република Македонија“ бр.102/2018), и дополнувањето на Извештајот од работата на Комисијата за давање предлог на Министерката за избор на кандидати кои конкурирале за доделување на еднократни парични средства за објавен научно-истражувачки труд за 2019 година, бр. 15-1108/3 од 30.03.2021 година, а согласно Финансискиот план на Министерството за образование и наука за 2021 година, Министерката за образование и наука, донесе

# РЕШЕНИЕ

За дополнување на Решението за финансирање на прифатени барања за научно-истражувачки трудови од домашни автори објавени во меѓународни научни списанија со фактор на влијание (импакт фактор) за 2019 година бр.15-1108/2 од 04.02.2021 годона.

1. Со оваа решение се додаваат следниве барања од автори со научно-истражувачки трудови согласно Конкурсот за доделување еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд за 2019 година

| Р. Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Фактор на влијание | подносител | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Сања Костадиновиќ Величковска | Изолација на вински квасци *Saccharomyces cerevisiae* од Македонскиот Тиквешки вински регион и нивно влијание на органолептичките карактеристики на Вранец и Кабернет Совињон вина | Списание за истражувања од Биотехнологија | 0,21 | Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ | прифатено |
| 2. | Анастас Мишев | Динамично управување со ресурси во зависност од движењето за пресметки на работ на мрежата | Трансакции за нови телекомуникациски технологии | 1.594 | Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ | Прифатено |

1. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

Согласно член 2 од Правилникот за остварување на правото за еднократна награда за објавување на научен труд и за надомест на средства за објавување на трудови („Службен весник на Република Македонија" бр.102/2018) распишан е Конкурс за доделување еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд за 2019 година со бр.15-4476/1 од 13.04.2020 година. До Министерството за образование и наука до 15.09.2020 година доставени се вкупно 304 барања од автори за доделување средства за објавен домашен научно-истражувачки труд во меѓународно научно списание со фактор на влијание. Во согласност со член 3 став 1 од Правилникот за остварување на правото на еднократна награда за објавување на научен труд и за надомест на средствата платени за објавување на трудови („Службен весник на Република Македонија" бр.102/2018) доставените барања ги разгледа стручна шест члена комисија формирана од Министерката на Министерството за образование и наука со Решение број 15-4476/3 од 16.10.2020 година и изготви Извештај со Предлог-листа до Министерката на Министерството за образование и наука бр.15-1108/3 од 30.03.2021 година. Барањата кои беа дополнително разгледувани ги исполнуваат условите согласно конкурсот. Според научни подрачја дополнително се финансираат научно-истражувачки трудови од:„Техничко-технолошко науки"-1 и „Биотехнички науки"-1.

Дополнувањето на Решението за финансирање на прифатени научно-истражувачки трудови од домашни автори објавени во меѓународни научни списанија со фактор на влијание (импакт фактор) за 2019 година по научни области го донесува Министерката врз основа на конкурсниот услов за распределба на средства за финансирање на објавен домашен научно-истражувачки труд во меѓународно списание со фактор на влијание (импакт фактор) за 2019 година, финансискиот план на Министерството за образование и наука за 2021 година и Програмата за научно-истражувачка дејност за 2021 година („Службен весник на РС Македонија" бр.3/2021).

Според горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

по овластување на министер
решение бр. 08-3513/1 од 24.02.2021
раководител на сектор за наука и иновации
Елван Хасановиќ

Изготвил м-р Александар Петров
одобрил: м-р Светлана Пинева
согласен: Маја Бичиклиска